# ЕКТС РЕАЛНОСТ ИЛИ ИЛУЗИЈА ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## АНАЛИЗА ПРЕКУ АЛАТКАТА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ

МЛАДИНСКИ
ОБРАЗОВЕН
ФОРУМ
YOUTH
EDUCATIONAL
FORUM

**Здружение на граѓани "Младински образовен форум"**

# ЕКТС - Реалност или илузија во високото образование

## анализа преку алатката пристап до информации од јавен карактер

**Скопје, јануари 2010**

CIP- Каталогизација во публикацијата
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски",
Скопје
378ЕКТС(035) "1990-2010"

ПОП Иванов, Лазар
ЕКТС - Реалност или илузија во високото образование : анализа преку алатката пристап до информации од јавен карактер / Лазар Поп Иванов, Георги Велковски. - Скопје : Младински образовен форум 2010. - 70 стр. : граф. прикази, табели ; 21 cm

Фусноти кон текстот. - Содржи и: додаток

ISBN 978-9989-2269-7-7
1. Велковски, Георги [автор],
а) Европски кредит трансфер систем - прирачници
COBISS.MK-ID 81145354

**Издавач:**

Здружение на граѓани "Младински образовен форум"
Бул. Водњанска 35/1-1, 1000 Скопје
Тел: +389 2 3139 692

www.mof.org.mk | info@mof.org.mk

**За издавачот:**

Илија Жупаноски, претседател

**Автори:**

Лазар Поп Иванов
Георги Велковски

**Работен тим:**

Бојана Низамовска
Мартин Алексоски
Бојан Јовчевски

**Уредник:**

Ана Медарска

**Дизајн и подготовка:**

Иван Мицковски

**Тираж:**

500

**Поддржано од:**

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО

## ВОВЕД


8 За Младински образовен форум

9 Студентска програма

10 Проект „Пристап до информации од јавен карактер“

12 Методологија на работење: како се користеше Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер?

18 Правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во Република Македонија

19 Болоњската декларација и Република Македонија


## РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО: ОДГОВОРИ НА ПОСТАВЕНИТЕ ПРАШАЊА


24 Студентски права

27 Факултетска администрација

37 Студентска мобилност и мобилност на наставните кадри

43 Финансии


## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ


48 Кон студентите

50 Кон академскиот кадар

52 Кон администрацијата на високообразовните институции

53 Кон менаџментот во високообразовните институции

57 Кон државните органи

58 Кон бизнис секторот

# ВОВЕД

За Младински образовен форум 8

Студентска Програма 9

Проект „Пристап до информации од јавен карактер“ 10

Методологија на работење: како се користеше Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер? 12

Правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во Република Македонија 18

Болоњската декларација и Република Македонија 19

# За Младински образовен форум

Здружението на граѓани Младински образовен форум (МОФ) е невладина, непартиска и непрофитна организација, формирана во јуни 1999 година. Во моментов во рамки на здру-жението функционираат Дебатна програма, Студентска програма и програмата Учиме право, како и серија одвоени проекти во делокругот на млади и образование, заштита на човекови права и развој на демократското општество. Во рамките на МОФ функционира и центарот МОФ Вавилон, со бројни младински иницијативи, настани, обуки и тренинзи, како и Американскиот едукативен центар – АЕЦ, чии активности се насочени кон промоција и доделување на стипендии за додипломски и постдипломски студии за студирање на македонски студенти во странство.

Својата мисија Младински образовен форум ја остварува преку понуда на можности и начини, студентите и средношколците, како и нивните професори и родители, активно и аргументирано да учествуваат во јавните дискусии за прашања кои се однесуваат на нив и на пошироката заедница со што придонесуваат во етаблирањето на отворено и демократско општество.

Дел од тие активности за промоција на мисијата се и:

- едукација на млади на возраст од 15 до 25 години,
- промовирање на алтернативни начини на едукација на младите, преку примена на интерактивни методи во предавањата,
- промовирање на критичкото мислење и толеранцијата меѓу средно-школците,
- јавно говорење (реторика),
- тимска работа,
- логика и аргументирано презентирање на ставови,
- решавање на проблеми,
- антиципирање на спротивните ставови како еднакво вредни на лично презентираните,
- отвореност кон идеи и ставови спротивни на општоприфатените,
- заштита и промоција на студентските интереси и права и промоција на концептите на правда и владеење на правото, како основни демократски принципи.

# Студентска програма

Студентската програма во МОФ е основана во 2006 година и е производ на зголемените потреби за реформи на полето на високото образование, заштитата на студентските права, борбата против корупцијата во високото образование и поттикнување на младинскиот активизам на универзитетско ниво.

Студентската програма е одговор на младите интелектуалци заинтересирани да делуваат во насока на подобрување на состојбите во високото образование, а нејзиното формирање првенствено е резултат на незадоволството на најголемиот број студенти од моменталните состојби и слабостите на постоечкиот систем на студентското организирање како и слабата, речиси непостоечка борба за правата за студентите.

Имено, постоечкиот систем на студентско организирање, најголем дел од студентите го доживуваат како недемократски, авторитарен и оддалечен од оние од кои извира и на оние кон кои би требало да биде насочен – студентите! Имено, студентите своите претставници ги доживуваат како наметнати надворешни центри на моќ, како фигури кои служат на некои други интереси, а не на интересите на студентите за чии гласови се борат во време на студентските избори. Сето ова резултира со моменталната состојба кај младинскиот активизам, која се карактеризира со апатичност и инертност.

Младински образовен форум овозможува поврзување на сите групи, организации и индивидуалци кои се занимаваат со реформи во полето на високото образование, заштитата на студентските права, борбата против корупцијата и младинскиот активизам на универзитетско ниво, како и можност за вклучување во тој процес преку активностите кои ги организираат членовите на мрежата. Програмата работи на институционални, но и креативни и социјални активности преку кои може да се стимулира активност во пасивното студентско движење.

# Проект „Пристап до информации од јавен карактер“

Во рамки на Студентската програма на МОФ, во периодот од 1 април до 31 декември 2009 година беше спроведен проектот „Пристап до информации од јавен карактер – имплементација на Европскиот кредит трансфер систем во Република Македонија“. Проектот беше спроведен од Младински образовен форум со финансиска поддршка на Фондацијата Институт отворено општество – Македонија. Со овој проект се вршеше мониторинг на спроведувањето на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер[1]. Истовремено, оваа година се вршеше набљудување и на спроведувањето на Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) во Македонија. Од 2003 година, високообразовните институции во Македонија започнаа да работат по ЕКТС, врз основа на стандардите воспоставени со Болоњската декларација од 19 јуни 1999 година[2]. Имплементацијата на системот од страна на факултетите се водеше различно. Оваа ситуација доведе до тоа да не постои стандардизиран систем на студирање, при што се доведе во прашање и квалитетот на дипломата која ја добиваат идните академски граѓани. Воедно, имплементацијата на ЕКТС досега не беше набљудувана или тестирана од ниту едно тело, односно релевантен субјект. Ваквото набљудување несомнено би придонело кон идентификување на слабостите и формулирање препораки за усовршување и подобрување.

Истражувањата[3] покажуваат дека Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер како можност е недоволно искористен, како и дека граѓаните, а меѓу нив и студентите, се недоволно информирани за неговата применливост. Една од целите на проектот беше да се тестира имплементацијата на Законот, односно отвореноста и транспарентноста на високообразовните институции. Понатаму, во рамките на проектните активности, студентите се едуцираа за можностите кои ги

[1] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/2006 и 86/2008

[2] Заедничка декларација на европските министри за образование, достапна на http://www.ond.vlaanderen.be/hogeronderwijs/bologna/documents/MDC/BOLOGNA_DECLARATION1.pdf

[3] За илустрација, истражувањето за перцепцијата на граѓаните за остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, кое Фондацијата Институт отворено општество – Македонија го спроведе во периодот јануари-март 2009, покажа дека дури 63% од испитаниците не знаат дека Законот постои, а само 6% од испитаниците некогаш поднеле барање за информација од јавен карактер. Резултатите од истражувањето се достапни на http://soros.org.mk/dokumenti/Istrazuvanje-na-javnoto-mislenje-za-primenata-na-zakonot-za-sloboden-pristap-vo-RM.pdf

нуди Законот и за законските процедури при остварување на правото на пристап до информации. Компаративната анализа на одговорите на прашањата поставени до низа високообразовни институции во текот на спроведувањето на проектот доведе до идентифицирање на проблемите во примената на ЕКТС, што е прв чекор кон нивно решавање.

Во финалната фаза на проектот, МОФ го искористи искуството и упатеноста во областа на имплементацијата на ЕКТС на проф. д-р Зоран Поповски, професор на Факултетот за земјоделски науки и храна, кој врз основа на резултатите добиени со истражувањето, формулираше низа заклучоци и препораки до сите релевантни фактори во областа на високото образование. Ваквите препораки се насочени кон поефикасна и поуспешна имплементација на ЕКТС, но воедно и кон подигнување на квалитетот на високото образование во Република Македонија воопшто.

Овој спој на Студентската програма на Младински образовен форум и алатката барање за пристап до информации се покажа како многу успешен метод за мониторирање на реформите и, воопшто, квалитетот на високото образование во Република Македонија. Се надеваме дека со оваа публикација ќе инспирираме и други организации, студенти и воопшто млади луѓе да се занимаваат со истражувања во разни области користејќи ја можноста која ја нуди Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер за придонес кон поголема транспарентност и отвореност на македонските институции.

## Методологија на работење: како се користеше Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер?

Прашањето за степенот и начинот на имплементацијата на Европскиот кредит трансфер систем во Република Македонија е дискутирано многупати, но никогаш не било предмет на темелна и сериозна анализа. Токму затоа во Младинскиот образовен форум се роди идејата, преку користење на инструментот на слободен пристап до информации од јавен карактер (заради прибирање на потребните податоци), да се промени ваквата состојба. Со спроведеното истражување е направен обид за сеопфатна анализа од која може да се согледаат проблемите во досегашната имплементација на ЕКТС, како и да се дадат препораки за решенија кои би требало да се применат во иднина.

На самиот старт на проектот се формираше проектен тим составен од 5 члена: координатор, заменик координатор и тројца членови на тимот. Првиот месец од стартот на проектот, членовите на тимот го посветија на темелно истражување на функционирањето на ЕКТС во разни образовни институции во Европа, како и на моменталната ситуација во македонскиот образовен систем со цел успешно лоцирање на областите во кои е потребно поставување на прашања тематски поврзани со ЕКТ системот. Таа анализа ги опфати и наставните програми на факултетите до кои подоцна беа испратени барањата за информации од јавен карактер.

Во рамките на проектните активности, во наредниот период тимот организираше „инструктажа" за 28 студенти од државниот Универзитет„Св. Кирил и Методиј" – Скопје, со цел тие да добијат темелна обука за Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, како и за начинот на поставување на прашања за информации од јавен карактер до имателите на информации. Обуката ја одржаа предавачи од Фондацијата Институт отворено општество – Македонија, како и од Младински образовен форум. Исто така, во текот на овие средби, студентите помогнаа во селектирање и формулирање на прашањата кои, по нивното изготвување од страна на проектниот тим, во форма на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, беа доставени до високообразовните институции – иматели на информации. Секоја од институциите до кои се обративме е на различен степен на имплементација на ЕКТС.

Барањата беа испратени до 6 факултети од државниот Универзитет "Св. Кирил и Методиј", и тоа до:

- Филозофски факултет - Скопје,
- Филолошки факултет "Блаже Конески" - Скопје,
- Правен факултет "Јустинијан Први" - Скопје,
- Економски факултет - Скопје,
- Архитектонски факултет - Скопје и
- Факултет за Електротехника и информатички технологии - Скопје.

Покрај овие факултети, барања беа испратени и до еден приватен универзитет – Европскиот универзитет – Република Македонија, како и до Студентскиот парламент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј".

Пристапот на проектниот тим кон изготвувањето на прашањата беше следниов: до сите факултети, како и до Европскиот универзитет, беа поставени ист број на прашања со иста содржина. Причина за ова беше потребата од изготвување на компаративна анализа за тоа на кој начин различните факултети ќе одговорат на исти прашања, како и за тоа дали одредени аспекти од ЕКТС се имплементираат на факултетите на ист или сличен начин. Содржината на прашањата поставени до Студентскиот парламент се разликуваше, со оглед на неговата природа и позиционираноста во образовниот систем на Република Македонија.

Прашањата беа испратени во два брана, односно еднаш во мај и втор пат во септември 2009 година. Во двата брана, прашањата беа поделени на четири области:

- Студентски права,
- Факултетска администрација,
- Студентска мобилност и мобилност на наставните кадри и
- Финансии.

**Во првиот бран** беа испратени 278 барања до различни високообразовни институции, од кои 221, преку физички лица - студенти со кои МОФ соработуваше во текот на работата на проектот, а 57 прашања беа испратени преку МОФ како правно лице. На овие барања во законски предвидениот рок одговорија сите институции, со исклучок на:

- Европскиот Универзитет – не одговори на 38 испратени барања;
- Студентскиот парламент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – не одговори на 3 барања и
- Останати факултети – доставија нецелосни одговори на вкупно 15 барања.

По неодговорените и нецелосно одговорените барања беа доставени жалби до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во продолжение следува графички приказ на испратените жалби до Комисијата, по соодветните високообразовни институции.




По испратените жалби, дописи и дополнителни барања до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер:

- 38 од барањата се одговорени, но со прекршување на рокот определен со решението на Комисијата по жалба - Европски Универзитет - РМ
- 3 барања не се одговорени и по поднесената жалба - Студентски парламент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"
- 17 од барањата се одговорени во рокот определен со решението на Комисијата по жалба - останати факултети.

Во продолжение следува графички приказ на добиени одговори по поднесените жалби до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер:




**Во вториот бран** беа испратени 217 барања за информации од јавен карактер, (по 31 прашање до сите институции), од кои 133 преку физички лица – студентите кои поднесуваа барања и во првиот бран, а 84 прашања беа испратени преку МОФ како правно лице. Од испратените барања, исто како и во првиот бран, одговори беа добиени од речиси сите институции. Исклучок беа следниве високообразовни институции:

- Европскиот Универзитет – не одговори на 31 испратено барање,
- Архитектонски Факултет – не одговори на 5 прашања,
- Филолошки Факултет – не одговори на 5 прашања,
- Останати факултети – нецелосно одговорија на вкупно 3 барања.

По неодговорените и нецелосно одговорените барања, испратени се вкупно 44 жалби, ургенции, односно дополнителни барања. Во продолжение следува графички приказ на испратените жалби до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер по соодветните високообразовни институции.




По испратените жалби, дописи и дополнителни барања до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер:

- 31 од барањата доставени до Европски Универзитет не се одговорени до денот на пишување на оваа брошура
- од страна на Архитектонски факултет, 5 барања се одговорени по поднесената жалба,
- 5 од барањата доставени до Филолошки факултет се одговорени по поднесената жалба и
- од страна на останатите факултети, вкупно 3 барања се одговорени по поднесената жалба.



Сумирано од двата брана на барања доставени до високообразовните институции може да се заебележи следново:




Во процесот на доставување на барањата за информации од јавен карактер кај некои од службените лица во институциите и примањето на одговорите, студентите беа соочени со потешкотии, противење на одговорните лица, како и често поставување на прашањата: „Кои сте вие? Кој ве прати?“ и слично. Цениме дека ваквиот однос се должи пред сé на необученоста и непрофесионалноста на вработените кај имателите на информации, како и нивна неинформираност за самиот закон. Имено, членот 16, став 4 од Законот децидно утврдува дека барателот на информацијата не е должен да го образложи барањето. Односот на кој наидовме кај имателите на информации доведе до ситуации одговорите да бидат нецелосни, погрешни или пратени на погрешна адреса. Исто така, на дел од барањата кои не беа во надлежност на имателите до кои беа поднесени, добивавме одговори со објаснување дека тие не се иматели на бараната информација, без притоа барањата да ги препратат до надлежната институција. Потсетуваме дека согласно член 18, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ако имателот до кој е доставено барањето не располага со бараната информација, должен е веднаш, а најдоцна во рок од десет дена од денот на приемот на барањето, сам да го препрати барањето до соодветниот имател кој располага со бараната информација и за тоа да го извести барателот. Ваквите примери се уште еден показател за ниското ниво на познавање на Законот од страна на оние кои треба да го применуваат.

## Правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во Република Македонија

Правото на слободен пристап до информации во Република Македонија е затемелено и гарантирано со Уставот на Република Македонија. Член 16 став 3 од Уставот го гарантира слободниот пристап кон информации, слободата на примање и слободата на пренесување информации. Ова право во правниот систем на Република Македонија подетално е уредено со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (ЗСПИЈК).

Собранието на Република Македонија го донесе Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во јануари 2006 година. Законот беше објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 13 на 1 февруари 2006 година, а неговата примена започна од 1 септември 2006 година. Ваков преоден период е вообичаен, а во конретниот случај беше и нужно потребен, со цел имателите на информации да ја воспостават неопходната инфраструктура за ефективна примена на Законот.

Информација од јавен карактер, согласно член 3 став 1 алинеја 2 од Законот, е информација во која било форма која ја создал и со која располага имателот на информацијата, согласно неговите надлежности. Со член 3 став 1 алинеја 1 од Законот, дефинирано е дека иматели на информации се органите на државната власт и други установи и институции утврдени со закон, органите на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, јавните установи и служби, јавните претпријатија, и правни и физички лица што вршат јавни овластувања и дејност од јавен интерес, утврден со закон.

Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, која е независно тело кое, покрај другите надлежности, се грижи за спроведувањето на Законот[4] и одлучува по жалби против решението и заклучокот со кој имателот на информацијата, еднаш годишно (во средствата за јавно информирање, билтен, интернет страница) објавува листа на иматели на информации од јавен карактер, како и на одговорното лице кај имателот на информации. Оваа листа е од информативен карактер! Доколку некоја институција не се најде на оваа листа не значи дека нема обврски согласно овој Закон. Ако институција

[4] Надлежностите на Комисијата се уредени со член 32 од Законот.

или кое било правно или физичко лице врши јавни овластувања или дејности од јавен интерес, за нив секако важат обврските што ги востановува овој Закон.

## Болоњската декларација и Република Македонија

Во јуни 1999 година, европските министри за образование ја усвоија Болоњската декларација, со која земјите потписнички се обврзаа да направат реформи во структурата на високо образовните системи. Декларацијата се стреми да создаде „Европски простор за високо образование" (EHEA) заклучно со 2010 година, и тоа остварувајќи три главни цели : меѓународна конкурентност, мобилност и подготвеност за вработување. Декларацијата и предвидените реформи се фокусираат не само на хармонизација на високото образование во Европа, туку и на транспарентноста во работењето која е неопходна за да се зголеми мобилноста на студентите и на професорите. Големо внимание се посветува и на потребата високообразовните институции да постигнат што поголема меѓународна конкурентност, особено во поглед на американските универзитети. Декларацијата ја препознава и врската помеѓу образованието и процесот на вработување, сугерирајќи реформи кои би го зголемиле „пазарот на труд" за дипломирани студенти[5].

Со потпишување на Болоњската декларација, на министерската средба одржана во Берлин во септември 2003 година, Република Македонија се приклучи на Болоњскиот процес. За образовните авторитети во Република Македонија тоа претставуваше и своевидна обврска за имплементација на клучните императиви на Болоњскиот процес и тоа:

- воспоставување единствен Европски простор за високо образование,
- обезбедување мобилност на студентите и академскиот кадар и препознатливост на дипломи со користење на ЕКТС како универзална алатка,
- воведување трициклусни студии кои би се финализирале со споредливи дипломи дополнети со додаток на диплома,
- подигнување на нивото на квалитет на образовните услуги во академските инстутуции

[5] "Clinical legal education and the Bologna process", by Lusine Hovhannisian, Public Interest Law Initiative Papers, No.2, December 2006

- зајакнување на научно-истражувачката дејност како услов за унапредување на високообразовната дејност.

Секои две години, министрите од земјите потписнички на Болоњската декларација, одржуваат состаноци на кои реферираат за достигнувањата во Болоњскиот процес и усвојуваат завршен документ во кој ги предвидуваат приоритетите за наредните години. Од потпишувањето на Болоњската декларација во 1999-та до денес, одржани се пет министерски средби и тоа во Прага – 2001, во Берлин – 2003, во Берген – 2005, во Лондон – 2007 и во Лор Денопор во 2009 година.

Десет години по потпишувањето на Болоњската декларација и шест години по пристапувањето на Република Македонија кон Болоњскиот процес, се поставува прашањето: дали високото образование во Македонија станува дел од Европскиот простор на високо образование? Подеднакво важен е одговорот и на прашањето: дали во академскиот живот во Македонија се постигнуваат останатите императиви на Болоњската декларација?

Во меѓувреме, во македонското високо образование се случи масовна појава на приватни, како и создавање нови државни универзитети, што ја засили конкуренцијата меѓу академските институции. Последниве неколку години исто така, енормно (на фрапантни преку 80%) се зголеми опфатот на завршени средношколци во терциерното образование, а настана и своевидна рурализација на високото образование. Дали овие интервенции без доволни да се верува дека високото образование е на добар пат да се "болоњизира" или уште подобро, дали академскиот сектор во Република Македонија е на својот Европскиот пат?

Резултатите од ова истражување, дадени во продолжение и поделени соодветно по области, се своевиден обид да се одговори на овие прашања.

# РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО: ОДГОВОРИ НА ПОСТАВЕНИТЕ ПРАШАЊА

Студентски права 24

Факултетска администрација 27

Студентска мобилност и мобилност на наставните кадри 37

Финансии 43

# Студентски права

Студентите се основната интелектуална и прогресивна сила во општеството. Младите луѓе кои студираат и се образуваат се иднината на една држава и основа за политичкиот, економскиот, технолошкиот и воопшто развојот во сите сфери на општеството. За правилен развој на студентите и искористување на целиот потенцијал кои го имаат, потребно е да им бидат овозможени сите права. Правата на студентите ги опфаќаат областите како студентско организирање, услови за студирање, поволностите и бенефициите кои ги имаат во текот на студирањето.

Во истражувањето кое беше спроведено, делот со студентските права во Република Македонија беше опфатен со цел да се испита до кое ниво се почитуваат правата на студентите. Иако не е директен дел од ЕКТ системот, студентските права претставуваат основа на која треба да се постави имплементацијата на новиот систем на студирање.

Според анализата на проектниот тим, правата на студентите не се испочитувани до задоволителен степен за да може да се има добра основа за имплементација на ЕКТС. Сеуште треба да се работи на подобрување, посебно во делот на студентското организирање.

За потребите на овој дел од анализата, студентите кои беа вклучени во проектните активности и проектниот тим на МОФ до високообразовните институции поставија низа прашања, на кои ги добија следните одговори:

Кои од условите за студирање на лица со посебни потреби се исполнети на факултетот/Универзитетот?

Факултетите кои го имаат одговорено ова прашање, најчесто обезбедуваат само физички услови за пристап до факултетот и овозможуваат следење на наставата. Приватниот факултет кој беше вклучен во истражувањето е далеку понапред во овој сегмент и, покрај обезбедените услови за пристап до просториите за лица со посебни потреби, дополнително воведува и програма за далечинско учење.

Дали е задолжителна членарината која студентите ја плаќаат за Студентскиот парламент на матичниот факултет?

Сите факултети одговорија дека членарината за Студентскиот парламент на матичните факултети е задолжителна.

Ваквите одговори треба да се гледаат во светло на уставната гаранција на слободата на здружување, предвидена во член 20 од Уставот на Република Македонија. Согласно оваа гаранција, факултетите немаат право да им наложуваат на своите студенти членување во било која организација, иако според одговорите можеме да видиме дека тие го прават токму спротивното.

Листа на студентски организации на факултетот/Универзитетот?

83% од испитаните факултети велат дека имаат студентски организации кои функционираат во рамките на нивниот факултет и доставуваат листа од истите. Но, одговорите се разликуваат бидејќи на некои факултети како единствена студентска организација се појавува Студентскиот парламент на матичниот факултет.

ЕКТС бара плуралитет на организации во кои студентите би можеле да учествуваат активно и да бидат вклучени во самиот процес на крирање на политики на факултетите, односно на универзитетите, како и во пошироката јавна дебата по прашања од општествениот живот.

Кои се претставници на студентите во студентскиот парламент на факултетот?

Некои од факултетите во одговорите имаат наведено дека не се иматели на информацијата и дека прашањето треба да се препрати до студентскиот парламент на соодветниот факултет. Но, ова покажува непознавање на Законот, со оглед на тоа дека во Законот за пристап до информации од јавен карактер (член 18) јасно е наведено дека доколку институцијата од која се бара информацијата не е имател на истата, институцијата е задолжена да го препрати барањето до соодветниот имател. Дел од факултетите не одговориле на ова прашање или пак доставиле несоодветна информација.

Копија од записник на седницата на која Студентскиот парламент на соодветниот факултетот дискутирал за Европскиот Кредит Трансфер Систем.

Студентскиот парламент, како основна форма на студентско организирање на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", игра важна улога во претставувањето на студентите на матичните факултети. Студентите се најзасегнати од имплементацијата на ЕКТС, заради што студентските парламенти на матичните факултети треба редовно да ја следат имплементацијата на ЕКТС и да дискутираат за истата. Од испитаните факултети ниту еден нема доставено записник и најчесто упатуваат дека иматели на информацијата се самите Студентски парламенти на матичните факултет. Ова повторно покажува на непознавање на Законот за пристап до информации од јавен карактер, бидејќи, како што беше претходно наведено, согласно член 18 од Законот, во случај кога имателот до кого е доставено барањето не располага со бараната информација, должен е да го препрати барањето до имателот на информацијата и за тоа да го извести барателот.

# Факултетска администрација

Правилното функционирање на факултетската администрација е од големо значење за квалитетната имплементација на ЕКТС. Факултетската администрација има за цел да го олесни студирањето за студентите и воопшто, да овозможи полесно функцинирање на факултетот како целина.

Во делот на факултетската администрација, поставените прашања се однесуваа на области како што се: факултетските библиотеки и читални, ЕКТС канцелариите на факултетите, компјутерските центри, службите за студентски прашања, наставните програм, испитните сесии и други области од студентското секојдневие. Иако на прв поглед сиве овие работи се чинат тривијални за имплементацијата на ЕКТ системот, токму тие се најважната компонента. Ако претходниот систем на студирање подразбираше нефункционалност, инертност и комплициран начин на функционирање на факултетската администрација, новитетот што со воведува со ЕКТС е токму спротивното, односно: достапност во секое време, компјутеризација и автоматизација со цел да се избегне губењето време, осовременување на наставните програми и нивно споредување со Европските примери итн. Исто така, важен дел од функционирањето на факултетската администрација е и континуираното оценување на работата на факултетот преку самоевалуаци и надворешните евалуации.

Анализата на одговорите од прашањата покажува дека ЕКТС во овој поглед сеуште не е целосно спроведен. Недостатоците се однесуваат и на негова нецелосна имплементација на секој факултет одделно, и на бројот на факултети кои имаат спроведено само дел од промените. Половично завршената работа во таа смисла, само го усложнува и дополнително го компликува процесот на студирање за студентите. Сепак, за трудот што го имаат вложено во овој поглед, на некои од факултетите мора да им се оддаде должното признание.

Ваквите резултати произлегоа од следниве поставени прашања и добиени одговори:

Копија од наставната програма и листа од задолжителни предмети на испитаните факултети/Универзитети за 2007/08 година.

Одговорите на ова прашање варираат помеѓу две опции. Факултетите или бараат паричен надоместок за копирање на наставната програма или упатуваат до електронска верзија од нивната наставна програма која најчесто е поставена на факултетската веб страница.

Колку читални има на факултетот/ Универзитетот и колку од нив работат 24 часа?

Сите факултети одговорија дека имаат читални на располагање на студентите. Бројот на читални варира од факултет до факултет, и тоа од 10 како најголем број до само 1 читална наменета за студентите. На седумте факултети, само една читална од вкупниот број на читални на испитаните факултети, кој изнесува 22, работи непрекинато 24 часа во текот на денот.

Кој е бројот на компјутери на факултетот/Универзитетот, и колку време истите им се достапни на факултетите/ Универзитетот?

Сите факултети поседуваат компјутери кои им стојат на располагање на студентите, најголемиот број на компјутери на еден факултет е 250, од кои 50 се наменети за студентите, а најмалку се 4 компјутери на еден факултет наменети за студентите.

Кои курсеви за стручно надоградување на студентите постојат во рамките на факултетот/ Универзитетот?

Високообразовните институции кај нас немаат вакви курсеви, но сепак постојат извесни обиди за воспоставување на вакви курсеви во пост-дипломските студии, во посебни случаи кои се прават само по барање на студентите или пак во случаи кога „повремено организираат работилница со други странски факултети“ (како што беше наведено во еден од добиените одговори). Приватниот универзитет кој беше вклучен во истражувањето е далеку понапред од државните, бидејќи на него постојат 8 до 10 курсеви кои се наменети за практична примена на знаењето.

Дали наставната програма на факултетите има задолжителни компаративни искуства, примери и тематски единици од европски и компаративни содржини. Условот кој е поставен е минимум 30 % компаративни содржини.

Повеќе од половина од испитаните факултети го почитуваат овој услов и ја применуваат оваа насока, 14% допрва ќе го имплементираат овој услов, додека 14% немаат ниту еден предмет кој го исполнува овој услов.

Дали на факултетот/ Универзитет има отворено канцеларија за соработка на факултетот со стопанството?

На ниту еден од испитаните државни факултети не постои канцеларија за соработка на факултетот со стопанството. Ова покажува на недоследна имплементација на ЕКТС, бидејќи системот налага да постојат вакви канцеларии. За разлика од ова, на приватниот факултет кој беше вклучен во истражувањето постои Центар за кариера кој успешно функционира.

**?** Дали има ЕКТС канцеларија на факултетот/Универзитетот, колку вработени има истата и кое е нејзиното работно време?

Од испитаните факултети, само еден факултет има ЕКТС канцеларија. На останатите факултети, оваа задача ја извршува Службата за студентски прашања. Неопходна е функционална ЕКТС канцеларија на секој факултет, за да може имплементацијата работата на ЕКТС системот да се одвиваат без проблеми. Почетен чекор за инкорпорирање на овој систем би било запознавање на академскиот кадар и на студентите со новитетите на овој систем. Најдобриот начин за да се направи тоа е формирање на ЕКТС канцеларија која активно и доследно ќе ги информира сите заинтересирани страни за можностите на овој систем. Спојувањето на ЕКТС канцеларијата со Службата за студентски прашања, само ја усложнува работата на администрацијата и го забавува процесот на имплементација на ЕКТС.

**?** На кој начин канцеларијата за ЕКТС ги информира студентите за начинот на функционирање на ЕКТС?

Од факултетите вклучени во истражувањето, само еден има ЕКТС канцеларија за информирање на студентите. Сепак, остатокот од факултетите исто така се грижат за информирање на своите студенти преку веб страната на факултетот, издавање на прирачници или преку поставување на координатори на групи кои се задолжени за информирање на студентите и комуникација со факултетските служби.

**?** На кои од предметите на факултетот/ Универзитетот постои опција за полагање преку колоквиуми?

На сите факултети кои го имаат одговорено ова прашање постои опција за полагање на колоквиуми по сите предмети, додека само еден факултет има наведено дека полагањето на колоквиуми е овозможено само кај предметите што носат 7 или 8 кредити. Во однос на ова прашање, факултетите се придржуваат до ЕКТС и доследно го спроведуваат.

Кои се клиничките програми на факултетот/Универзитетот и колку кредити носат истите?

На прашањето дали имаат клинички програми на секој од факултетите, добивме одговор дека само еден факултет од испитаните има клинички програми во својата наставна содржина и доделува кредити за истите, а еден факултет има предвидено клинички програми во наставната програма за идната година. Остатокот од испитаните факултети немаат клинички програми.

Со кој правен акт е уредена имплементацијата на ЕКТС на соодветниот факултет/ Универзитет?

Од добиените одговори можеме да заклучиме дека имплементацијата на ЕКТС на сите испитани факултети се уредува со правните акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и со посебен Анекс за студиските програми на секој од факултетите. Приватниот факултет ја регулира оваа област со Правилник за имплементација на ЕКТС.

Со кој правен акт е уредена практичната настава во наставниот курикулум на факултетот, и колкав дел од фондот на часови се одвоени за практична настава?

Една третина од факултетите одговорија дека немаат практична настава или дека допрва планираат имплементација на практичната настава, додека остатокот од факултетите веќе имаат спроведено практична настава. Спроведувањето и организирањето е уредено или со правни акти донесени од Наставно-научните совети на самите факултети или донесени согласно Законот за високо образование.

Врз основа на кои акти е извршена пресметката на кредити и оптоварување на студентите на факултетот?

Распоредот на кредити на факултетите кои беа вклучени во истражувањето е направен според Правилникот на УКИМ за спроведување на ЕКТС, во комбинација со препораките кои ги дава Европската Комисија и изработката на интерни правилници на самиот факултет. Сепак, само 50% од факултетите имаат вакво уредување на студиските програми со кредити, што повторно укажува на несоодветната имплементација на ЕКТС.

Младински образовен форум постави и неколку прашања поврзани со книжниот фонд на факултетите, застапеноста на странска и домашна литература, како и фреквенцијата на обновување на материјалите во него.

Во поглед на ова прашање, факултетите имаат бројни натписи во нивните библиотеки, како од странска, така и домашна стручна литература, и редовно ги надополнуваат со нови и актуелни натписи. Ваквиот тренд неспорно треба да продолжи и да се зголемуваат книгите достапни за студентите.

Според кои критериуми се избираат членовите на дисциплинската комисија на факултетот?

На ова прашање 43% од факултетите имаат одговорено дека членовите на дисциплинската комисија ги бираат од редот на професорите, асистентите и студентите, а еден од испитаните факултети нема дисциплинска комисија на својот факултет. Остатокот од факултетите немаат одговорено на ова прашање.

**?** Копија од годишен извештај за 2008 година на дисциплинската комисија на факултетот. Колкав е бројот на поведени и реализирани дисциплински постапки?

**i** Од испитаните факултети, само на 2 има поведено постапки од дисциплинската комисија. Остатокот од факултетите немаат поведено дисциплински постапки.

**?** Колку дисциплински постапки се поведени против професори од факултетот, за неправилно спроведување на Европскиот Кредит Трансфер Систем, и кои мерки се изречени од страна на факултетот во таквите постапки?

**i** Сите факултети кои учествуваа во истражувањето одговорија дека немаат покренато ниту една постапка против професорите за неправилно спроведување на ЕКТС. Не е познато дали оваа појава се должи на коректното спроведување на системот или на стравот кој постои кај студентите да покренат вакви постапки.

**?** Колку од дисциплинските постапки на факултетот се поведени, односно иницирани од страна на студенти?

**i** На ниту еден од испитаните факултети досега нема дисциплинска постапка која е иницирана од страна на студентите. Може да заклучиме или дека факултетските кадри функционираат беспрекорно и нема потреба од иницирање на дисциплински постапки или дека студентите се премногу исплашени од реперкусиите кои може да им се случат доколку покренат ваква постапка.

**?** Во кој рок се издава уверението за завршени студии откога ќе се положи последниот испит/ дипломска работа?

**i** Од одговорите кои ги добивме, времето за издавање на уверението за завршени студии изнесува од 2 до 15 работни дена од денот кога ќе се положи последниот испит или дипломскиот труд, зависно од факултетот.

**Копија од приговори/жалби кои се поднесени од студенти врз основа на грешки во компјутерскиот систем (невнесени бодови, неможност за полагање, проблеми со досието) од почетокот на имплементацијата на Ектс до денеска?**

Од испитаните факултети, на само еден има поднесено пријави и жалби од студентите за грешки во компјутерскиот систем. Според одговорите, на сите останати факултети нема такви жалби и поплаки од студентите. Автоматизацијата на административните работи на факултетот им овозможува на студентите полесен пристап до нивното досие, резултатите, распоредите на полагање и слично. Настанатите грешки тука можат да бидат многу важни за конечниот исход на студиите.

**Колку пријави се изгубени по студент од дипломираните студенти на факултетот во 2008/2009 година?**

На само еден од испитаните факултети се води евиденција за изгубените пријави по студент на крајот од студирањето (4 пријави по студент е просекот). Остатокот од факултетите немаат ваква евиденција.

**Кој и кога ја вршеше последната надворешна евалуација на факултетот?**

Од испитаните факултети, само 1/3 имаат направено надворешна евалуација, но и тие евалуации последен пат биле направени во 2003 и 2004 година.

**Дали на факултетот постои електронска библиотека, и дали се соработува со други електронски библиотеки?**

Од испитаните факултети, само еден има електронска библиотека која истовремено соработува со триесетина странски библиотеки. Останатите факултети не поседуваат електронски библиотеки и исто така, немаат остварено соработка со ниту една странска електронска библиотека.

Кои се прифатени постапки, стандарди и насоки кои се применуваат од Европската асоцијација за евалуација во високото образование (ENQA) на факултетот?

Европската мрежа за евалуација во високото образование постои од 2000 година, за во 2004 година да биде преименувана во Европска асоцијација за евалуација на квалитетот во високото образование (ENQA). Основна цел на ENQA е да промовира соработка на Европско ниво во воспоставување и одржување на квалитет во високото образование. Според резултатите кои ги добивме од факултетите кои беа вклучени во истражувањето, ниту еден факултет не ги применува насоките и стандардите кои се зададени од ENQA.

Копија од извештајот за самоевалуација на факултетите во годината 2008/2009?

Од испитаните факултети, само 1/3 имаат направено самоевалуација во 2008/2009 година, но и тие факултети одбија да ја достават копијата повикувајќи се на правото на заштита на личните податоци на професорите споменати во самоевалуацијата.

Кој е бројот на групи на вашиот факултет во една студиска година, колкав е бројот на студенти во една група, а кој е бројот на студенти кои посетуваат настава во една смена?

Работата во помали групи е една од препораките на ЕКТС, со цел да се овозможи поголема комуникација со студентите, поголема интеракција со нив и да им се даде на сите студенти еднаква шанса за вклучување во наставата. Оптималниот број на студенти во една група е од 25 до 30. На некои од факултетите, броевите на студенти во една група се движат од 5 до 40 студенти во една група, но има и такви факултети каде што има од 100 до 400 студенти во една група, што не овозможува вистинска работна атмосфера.

Дали студентите можат да купат учебници и учебни помагала од факултетот по повластени цени? Листа на таквите изданија.

Според одговорите, на 50% од испитаните факултети, учебниците и учебните помагала им се достапни на студентите по повластени цени од самиот факултет. Останатите 50% немаат повластени цени за учебниците или воопшто не се продаваат учебници и учебни помагала на факултетите.

Колку и кои студенти на каков било начин (хонорарно или со договор за вработување, на определено или неопределно време) се вработени од страна на факултетот и на кои работни места?

Само еден од испитаните факултети нема вработено студенти, а остатокот студентите ги вработуваат на неопределено работно време. Студентите на факултетите се вработени како демонстратори, помлади асистенти или во некоја од факултетските служби (библиотека, компјутерски центар и слично).

Во просек по колку години студираат студентите на вашиот факултет откако е започната имплементацијата на ЕКТ системот ?

Бидејќи од започнувањето на имплементацијата на ЕКТ системот на повеќето факултети не се дипломирани повеќе од 2 генерации на студенти, просечниот број години на студирање изнесува од 4 до 4,5 години.

Со која просечна оценка студентите ги завршуваат нивните студии на факултетот откако е имплементиран ЕКТ системот?

Просечната оценка на студентите кои ги завршиле студиите според ЕКТС варира од 7.5 до 8.81. Бидејќи можеме да забележиме дека разликата помеѓу оценките на различните факултети не е многу голема, заклучуваме дека факултетите имаат до некаде унифициран систем на оценување.

# Студентска мобилност и мобилност на наставните кадри

Европскиот кредит трансфер систем, како што беше напоменато во воведот, претставува систем на интегрирани студии меѓу факултетите во Европа. Токму затоа, студентската мобилност е негово основно обележје.

Студентската мобилност подразбира можност секој студент да студира на факултет надвор од својата држава и притоа да се сретне со изедначен квалитет на студирање. Нострификацијата на дипломите, заедничкото издавање на дипломи и соработката помеѓу факултетите се некои од начините како студентите од Република Македонија можат да се почувствуваат како дел од Европското студентско тело. Покрај ова, факултетите треба да овозможат и размена на наставни кадри за здобивање на компаративни искуства во поглед на наставните програми, начините на предавање и воопшто, начините на функционирање на факултетите во Европа. Мобилноста на студентите исто така опфаќа и вклучување на студентите на вистински работни места за време на нивното студирање, при што голема улога играат стопанството и државните институции, како идни работодавци. Факултетите во овој поглед, имаат за задача на своите студенти да им овозможат пракса преку соработка со фирми или државни институции.

Преку резултатите од истражувањето, се покажува дека, споредено со другите делови на системот, оваа област од ЕКТС на нашите факултети е најдобро имплементирана. Но сепак, оптимално ниво на имплементација не е постигнато и сеуште има простор за подобрување. За почеток, тоа може да се постигне преку подобро информирање на студентите за можностите кои им се нудат. Така, тие ќе добијат шанса да изберат и да ги модифицираат своите студии, според опциите кои им се понудени преку примената на ЕКТС, независно дали се тоа студии во странство или пракса во некое домашно претпријатие.

На колку јазици се одвива наставата на факултетот/ Универзитетот ?

Повеќе од половина од испитаните факултети немаат настава на ниту еден друг јазик освен на македонски, 29% имаат настава дополнително и на англиски јазик, а само еден факултет поради карактерот на студиите има настава на повеќе јазици.

На колку семинари во Македонија и во странство, поврзани со ЕКТС, годинава учествувал наставниот кадар на факултетот?

Половина од факултетите имале свој претставник на домашните семинари, додека останатите воопшто не учествувале. Пренесувајќи го истово прашање на контекстот на меѓународните семинари, добиените одговори укажуваат дека само од еден факултет имало посета на семинар со тематика од областа на ЕКТС. Повторно мора да се издвои приватниот универзитет, кој со свој кадар учествувал на осум домашни семинари, како и со двајца професори на меѓународни семинари.

Листа на компании кои побарале студенти (редовни или вонредни) за практична работа во нивното претпријатие.

Само два од испитаните факултети поседуваат листа на компании со кои соработувале  за праќање на студенти на пракса или пак за нивно вработување во текот на студиите. Овој податок покажува дека многу малку е направено на планот на доближување на студентите до нивните идни работни места.

Листа на студенти од додипломски студии кои се пратени на пракса од факултетот/Универзитетот во некоја државна институција.

Одговорите кои ги добивме се интересни бидејќи 43% од испитаните факултети имаат соработка со државните институции, но немаат листа на сите студенти, туку ги заведуваат поединечно во студентските досиеа. Остатокот од факултетите кои беа вклучени во истражувањето немаат остварено соработка со државните институции во поглед на праќање на студенти на пракса или на работа. Тука се јавува истиот проблем како кај соработката со стопанството, а тоа е дека не им се овозможува на студентите полесно вработување во нивната струка и факултетот не помага во интегрирање на системот на студирање и пазарот на работна сила.

Листа на студенти од пост-дипломски студии кои се пратени на пракса од факултетот/Универзитетот во некоја државна институција.

Одговорот на испитаниците е дека за разлика од студентите на додипломските студии, студентите од пост-дипломските студии немаат задолжителна пракса во наставната програма и затоа не одат на пракса во државните институции. Само еден од испитаните факултети организира пракса за студентите од пост-дипломски студии во соодветните области на делување.

Листа на професори од факултет кои држеле предавања на некој од факултетите во странство.

Од испитаните факултети, најголем број на професори од еден факултет што предавале на факултети во странство е 15 професори, а има и факултети од каде што ниту еден професор не предавал на факултет во странство.

**Кога е организирана последната зимска и летна школа од страна на факултетот/Универзитетот за студентите, и колку студенти ја посетувале?**

Една третина од испитаните факултети организирале зимска или летна школа, но повеќето настани од ваков тип се организирани пред две или повеќе години. Само еден од факултетите во поскоро време организирал ваква школа, во април 2009, во Дубровник, а на истата присуствувале 220 студенти. Останатите факултети не организирале зимска или летна школа.

**Колку меѓународни размени на студенти се извршени од почетокот на имплементацијата на ЕКТС системот на факултет и на кои универзитети се испратени истите?**

Сите факултети кои беа испитани одговорија дека имаат испратено студенти на меѓународна размена. Бројките на студенти кои се пратени на размена варираат од факултет до факултет, но сепак главниот заклучок е дека ваквата размена се одвива. Некои од факултетите исто така информираа и за постоење на официјална соработка со други факултети од странство, што повторно е позитивна карактеристика. Соработката помеѓу факултетите овозможува размена на искуства помеѓу наставниот кадар и студентите од различни земји и факултети. Вклучувањето на студентите во ваквиот процес на размена е многу важен бидејќи тие се центарот на внимание во ЕКТС.

**Колку и кои студенти од факултетот ќе ги искористат во идниот семестар програмите на Европската Унија (Erasmus-Mundus, Basilius)?**

Сите факултети кои беа вклучени во истражувањето одговорија дека немаат податоци за идните планови на студентите во поглед на искористувањето на програмите на ЕУ за меѓународна размена на студенти.

Колку и кои студенти од факултетот ги искористиле програмите на Европската Унија (Erasmus-Mundus, Basilius) од кога е започната имплементацијата на ЕКТС системот?

Во рамките на меѓународната размена на студенти, Европската Унија овозможува и посебни програми за размена кои студентите можат да ги искористат. Некои од нив се Erasmus Mundus и Basilius. 50% од факултетите во истражувањето одговорија дека нивните студенти ги имаат искористено програмите за размена на ЕУ, студентите од 2 факултети воопшто ги немаат искористено ваквите програми, додека само еден факултет одби да ги даде ваквите информации повикувајќи се на заштита на личните податоци на студентите. Ваквите резултати покажуваат дека можеби постои недоволна информираност кај студентите за постоењето на ваквите програми и можности за меѓународна размена.

Кои активности, програми и проекти факултетот ги превзема во врска со одливот на умови од факултетот?

Изедначувањето на квалитетот на образование и овозможување на работни места за дипломираните студенти е една од главните цели на ЕКТС. Според проценките од истражувањето[6] на Проф. Др. Верица Јанеска од Економскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, повеќе од 15000 високообразовани кадри се надвор од државата. Процентуално тоа би изнесувало околу 15% од вкупниот број на високообразовани лица, што претставува доста висок процент. Од испитаните факултети, само на 1/3 од нив има започнато проекти и активности во врска со спречување на одливот на умови. Факултетите кои имаат започнато вакви активности се потпираат на пристапните цени за студии, подобрување на квалитетот на студии и воспоставување соработка со стопанството и државните институции за вработување на студентите.

[6] http://portal.unesco.org/en/ev.php-URL_ID=23233&URL_DO=DO_PRINTPAGE&URL_SECTION=201.html

Колку странски државјани студираат на факултетот и под кои услови (редовни, вонредни, висина на партиципација) ја следат наставата?

Половина од факултетите имаат странски студенти на нивните факултети кои студираат по редовни услови, но уплатата за студирање ја вршат преку Ректоратот на Универзитетот. Подобрувањето на квалитетот на студиите и овозможување на подобри услови може да биде наредниот чекор во воспоставување на подобра размена на студентите и привлекување на странски студенти да студираат на нашите факултети.

Колку и кои вработени на факултетот имаат докторирано на факултет од странство?

Покрај размената на студенти со факултетите од странство за размена и споредување на искуства, исто така е важно да има и професори кои докторирале на странски факултет. На 83% од испитаните факултети предаваат професори кои имаат докторирано на факултет во странство.

Дали на факултетот постои програма за "joint degree" и колку студенти годишно ја добиваат дипломата од кога е имплементиран ЕКТС системот?

Програмата за „joint degree" или „споена диплома" е програма на Асоцијацијата на Европски Универзитети која има за задача да ги интегрира студиите на сите факултети во Европа и да овозможи доделување на заеднички дипломи од факултетите. Во склоп на оваа програма, студентите имаат за задача да завршат дел од своите студии на некој факултет надвор од државата, при што наставниот кадар од сите факултети изработува заедничка наставна програма и на крајот од студиите, студентите добиваат или диплома од нивниот матичен факултет или заедничка диплома од сите факултети на кои поминале дел од своите студии. Од испитаните факултети, само еден има студенти кои се вклучени во оваа програма. Остатокот од факултетите немаат вклучени студенти или воопшто не се запознаени со постоењето на оваа програма.

# Финансии

Севкупниот концепт и структурата на Европскиот Кредит Трансфер Систем се засноваат на транспарентноста на работењето на високообразовните институции. Транспарентноста, меѓу другото, подразбира јавност и достапност на сите извештаи и документи за работењето на факултетот. Алатката која ја нуди Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер претставува ефикасен инструмент за остварување на начелото на трансапарентност. Сметајќи дека на финансиското работење на факултетите најмногу му е потребна транспарентност, проектниот тим до факултетите постави низа прашања за овој аспект од функционирањето на високообразовните институции.

Констатација до која се доаѓа е дека на секој факултет му се потребни поголеми инвестиции во инвентар, опрема и научно-истражувачка работа. Студентите сакаат да студираат во модерни услови, со најнови методи и технологија, а сето тоа бара одредени парични инвестиции од факултетот. Прашањата беа поставени за да се дознаат висината на средствата, односно процентуалната застапеност на поодделни трошоци, во буџетите на факултетите.

Од добиените одговори и нивната анализа се забележува дека сеуште делот на финансиите е третиран како деловна тајна на факултетите. Потребно е да се надмине тој мит и да се добие транспарентност и отчетност во поглед на финансиското работење на факултетите. Поголемиот дел од факултетите свесно се соочуваат со фактот дека за да бидат конкурентни и атрактивни за студентите, мораат да инвестираат во сопствената опрема и работа.

?

Колку нашите високо-образовни институции вложуваат во капитални инвестиции?

Во изминатите 5 години факултет кој најмногу вложувал достигнал до сумата од 97.550.000,00 денари а факултет кој најмалку вложувал во капитални инвестиции достигнал до бројката 0 денари. Некои од факултетите ја третираа оваа информација како деловна тајна и не доставија податоци за вложувањата во капитални инвестиции.

i

Колкави се трошоците на факултетите/Универзитетот во одржувањето на интернет страните?

Половина од испитаните факултети, кои се дел од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, немаат трошоци за интернет страната односно истите се на товар на Универзитетот. Тоа што е интересно е дека еден факултет од испитаните одговорил дека има трошоци за оддржување на интеренет страната и тоа во висина од 80.876,00, додека пак еден факултет не ја доставува оваа информација заради немање на согласност од другата договорна страна. Кај приватниот универзитет трошоците се околу 100 евра месечно и нив ги подмирува универзитетот.

Колку факултетот/ Универзитетот  инвестира во обнова на инвентарот во годините 2007/2008?

Највеќе инвестирано во обнова на инвентарот за овие две години по факултет е 9.864.000,00 денари а најмалку по факултет е 518.000 денари.  Разликата од факултет до факултет во поглед на инвестирањето во инвентар и подобрување на условите за студирање е огромна, што е оправдано до одреден степен бидејќи сите факултети немаат потреба од исти средства за работа. Приватниот универзитет ги третира овие трошоци како деловна тајна.

Колку средства се добиени како странски, а колку како домашни донации кон вашиот факултет, од кои донатори и  за кои потреби се искористени, во учебната година 2008/2009?

Една третина од факултетите кои беа вклучени во истражувањето дадоа податоци за финансиските донации кои се движат од 4,7 милиони денари до 47 милиони денари. Една третина од факултетите само потврдија дека имаат добиено донации, а остатокот од факултетите одговорија дека немаат добиено донации. Донаторите најчесто се домашни и странски фондации или Министерството за образование и наука на Република Македонија.

Колкави се средствата за финансирање на вашиот факултет кои се обезбедуваат од буџетот на Република Македонија и од други извори определени со закон за годината 2008/2009?

Како и во повеќето случаи каде прашањата се поврзани со финансиското работење на факултетите, и на ова прашање одговорија многу мал број од нив. Само 17% од нив имаат одговорено позитивно на барањето, а средствата за кои се добиени податоци се во висина од околу 36 милиони денари.

Колкави се процентуално средствата од вкупниот буџет на факултетот кои се добиени од домашни и од меѓународни проекти за 2008/2009 година?

Сите факултети кои беа вклучени во истражувањето немаат евиденција за реализирани домашни и меѓународни проекти за 2008/2009 година или пак воопшто немаат реализирано проекти, што покажува на слабата заинтересираност на високообразовните институции за активно вклучување во научно-истражувачката работа.

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Автор: проф. Зоран Поповски

Кон студентите 48
Кон академскиот кадар 50
Кон администрацијата на високообразовните институции 52
Кон менаџментот во високообразовните институции 53
Кон државните органи 57
Кон бизнис секторот 58

# Кон студентите

По дефиниција, студентската популација треба да има авангардна улога во едно општество. Глобализацијата, информатичката револуција, технолошкиот развој, но и суровата борба за егзистенција, донесоа на сцена една нова генерација студенти: генерација со подобро ниво на информираност, со изменет систем на вредности и со нови очекувања кои би можеле да се сублимираат во повисоко ниво на образовни услуги и повисок степен на вработливост.

Постојната правна рамка и демократските инструменти даваат одлична основа за остварување на овие очекувања. Но, дали тоа се случува во реалноста?

За жал, општ е впечатокот дека македонските студенти се „инфицирани" од општата апатија што резултира со инструментализирано студентско организирање подложно на политички притисоци. Заради тоа, со ретки исклучоци, студентите не манифестираат прогресивни идеи, се занимаваат исклучиво со прашањата на "лажицата" и "креветот", а речи-си никогаш со прашањата на квалитетот, вработливоста, студентските права и нивното влијание во општеството.

Имајќи ги предвид овие претпоставки, а врз основа на резултатите од спроведеното истражување, кон студентите во Република Македонија може да се упатат следните препораки:

1. Преку своите организации студентите треба да инсистираат на максимална партиципација во одлучувањето за сите прашања кои се однесуваат на нивното студирање на сите нивоа, но не како продолжена рака на управувачките структури. Со други зборови, тие мора да се изборат за позиција која ќе им гарантира активно учество во креирањето на нивната судбина. Резултатите од истражувањето укажуваат на своевидна монополизација на студентското организирање, што е веројатно една од клучните причини за нивна изолираност од процесите на одлучување.

2. Со добивање на алатката за евалуација на наставниот процес, од објекти за оценување, студентите станаа и субјекти кои

оценуваат. Таа придобивка тие треба да ја користат објективно, да бараат пристап до резултатите од евалуацијата, како и и неопходна консеквентност за евентуалните неправилности. При тоа, студентите треба да покажат поголема решителност и самодоверба во откривањето на појавите поврзани со корупција и обесправување во високото образование барајќи соодветни информации и пријавувајќи ги ваквите случаи. Истражувањето покажа дека и покрај оштиот впечаток за присуство на овие појави, дисциплински постапки во чиј фокус се ЕКТС и оценувањето, се исклучително ретки или воопшто ги нема.

**3.** Користејќи ги расположивите правни инструменти, студентите имаат право да побараат секаков вид информации поврзани со условите за студирање, ЕКТС и начините на оценување. Резултатите од истражувањето покажаа дека досега, на ниту еден студентски форум на опфатените факултети, не е расправано за споменатите прашања.

**4.** Студентите имаат неотуѓиво право да бидат детално информирани за трошењето на средствата кои ги издвојуваат за кофинансирање на високото образование и пропратните активности. Во престојниот период ќе биде особено важно да се регулира прашањето на студентската членарина чии главни атрибути треба да бидат доброволноста и следливоста во користењето.

**5.** Низ перманентни контакти со меѓународни студентски организации и асоцијации, студентите треба да обезбедат размена на искуства во надминувањето на проблемите поврзани со ЕКТС, мобилноста, обезбедувањето на квалитет, корупцијата, студентскиот стандард итн. Податоците од анкетите покажуваат дека ваквите контакти и соработки се многу ретки и без потребниот континуитет.

**6.** Заради стекнување со соодветни вештини, знаења и компетенции, студентите треба да инсистираат на зајакнување на практичните аспекти во студирањето, што ќе обезбеди соодветна вработливост. Затоа е потребно, студентите континуирано да бараат ин-формации за активности и проекти во кои тие би се ангажирале екстракурикуларно

заради стекнување практично искуство и збогатување на додатокот на дипломата како своевидна виза за вработување.

7. Неопходно е студентите да имаат сопствени електронски и печатени медиуми преку кои ќе обезбедат сериозно влијание врз развојот на високото образование.

## Кон академскиот кадар

Професијата универзитетски наставник долго време беше една од најкомотните професии на пазарот на трудот. Во сенката на автономијата на академските институции често се криеја просечност, неисполнување на професионалните обврски, необјективност, корупција и сл.

Но, во последно време состојбите се променија. Имено, преку отворање на приватни и нови државни високообразовни институции, зајакна конкуренцијата во високото образование. Понатаму, со демократизација во општеството, бројни механизми за контрола на квалитетот и заштита од обесправување станаа достапни. Исто така, значително се намали партиципацијата на државата во финансирањето на високото образование. Сето ова придонесе за вклучување на алармот и за своевидна мобилизација на академскиот кадар.

Резултатите од истражувањето упатуваат на следните чекори кои треба да ги преземе академскиот кадар во новонастанатата состојба.

1. Истражувањето покажа дека на опфатените факултети, формите на екстракурикуларни активности, во кои се вклучени и студентите, или не постојат или се многу ретки. Заради тоа, наставниците и соработниците на високообразовните установи (ВОУ) мораат сè повеќе да се отвораат кон студентите, преку нивно вклучување во проекти, ревносно изведување на контакт часовите, заедничка организација на семинари, летни и зимски школи итн.

2. Наместо досегашните редуцирани или непостоечки, наставниот кадар мора да подготвува предметни програми во кои детално ќе бидат опишани наставните содржини, методите на работа, начинот на оценување и излезните компетенции

и вештини по завршување на наставата. Овие програми за студентите треба да бидат достапни во електронска форма, а не (како што покажа истражувањето) да се продаваат во форма на копии.

**3.** Со оглед на отсуство на воспоставен систем за методо-дидактичка обука на академскиот кадар, за квалитетно изведување на наставата, неопходно е негово континуирано усовршување, паралелно со усовршувањето на странските јазици и познавањето и користењето на компјутерската техника во наставниот процес. Во прилог на оваа препорака се и податоците од истражувањето, кои покажуваат дека наставата на нашите ВОУ се изведува речиси исклучиво на македонски јазик или на некои од јазиците на немнозинските етнички заедници во Република Македонија.

**4.** Глобализацијата и создавањето единствен Европски простор на високото образование, бараат посебен ангажман на наставниот кадар во меѓународната соработка преку учество во реализација на настава, меѓународни проекти, објавување на трудови и учес-тво на научни собири, со што ќе се подобри перцепцијата за македонското високо образование. Истражувањето покажа дека во моментов сосема е мал бројот на наставници и соработници вклучени во сериозна меѓународна соработка.

**5.** Академскиот кадар е должен да обезбеди соодветни наставни помагала и да го унапреди наставниот процес преку негова аудио-визуелизација со што во голема мера ќе го олесни студирањето. Истовремено, согласно резултатите од истражувањето, тоа на студентите треба да им биде овозможено по цена која нема сериозно да го оптерети студентскиот џеб.

**6.** Заради транспарентност и ефикасност, наставниот кадар на ВОУ е должен да го планира наставниот процес преку навремено објавување на термини за настава, консултации, испити и резултати од испити со што ќе ги обезбеди предусловите за редовно следење на наставата од страна на студентите.

7. Објективноста во оценувањето, наставниот кадар треба да ја обезбеди преку континуирано оценување, организирање на модуларни тестови и вклучување на сите параметри неопходни во конечното оформување на оценката со што ќе се оневозможат присутните манипулации во постојниот систем на оценување. И покрај тоа што резултатите од истражувањето, во овој дел покажуваат извесен напредок, на ова прашање ќе треба уште многу да се работи.

8. Академскиот кадар е должен доследно да ги спроведува препораките на Болоњскиот процес и тоа: доследна примена на ЕКТС, ангажман во екстракурикуларни активности со студентите, мобилност и обезбедување на квалитет, а сето тоа да го прави на начин кој ќе обезбеди високо ниво на партиципативност кај студентите.

## Кон администрацијата на високообразовните институции

Се чини дека оваа категорија на јавни службеници претставува најслабата алка во функционирањето на високото образование во Македонија. Немањето капацитет за соочување со предизвиците на Болоњскиот процес, индолентноста и несоодветниот однос кон крајните корисници на образовните услуги на факултетите (студентите), оставаат впечаток дека особено кон оваа категорија учесници во високото образование, треба да се обратиме со следните препораки.Итно подигнување на нивото на услужливост кон студентите и остварување на нивните права по однос на администрирање на нивното студирање. Имено, резултатите од анкетата покажаа дека времетраењето на издавање на документи по факултети варира и во просек е многу подолго од предвиденото.

1. Обезбедување на континуирана обука која би била насочена како кон јакнење на општите компетенции (странски јазик, информатика) така и кон специфичните компетенции кои се однесуваат на усовршување на познавањето на Болоњскиот процес зависно од работното место.

2. Ваквото зајакнување на капацитетите ќе овозможи модернизирање на процесот на администрирање на високото образование во поглед на информатизација и обезбедување подобар пристап до информации за сите корисници на образовни услуги.

3. На овој начин обучената јавна администрација на ВОУ ќе биде кадарна да води модерна и ефикасна електронска евиденција на студирање, да опслужува електронска библиотека, да реализира финансиско работење по електронски пат итн.

4. Заради размена на искуства, администрацијата на ВОУ треба да влезе во сериозна меѓународна соработка со академски институции од странство каде препораките од Болоњскиот процес се реализирани во целост.

## Кон менаџментот во високообразовните институции

Сѐ чини дека раководните структури во високото образование се исправени пред најголеми предизвици во имплементацијата на препораките од Болоњскиот процес. Ова се однесува на сите нивоа на раководење во академските институции, почнувајќи од катедри, институти, факултети, па сѐ до универзитетите. Генерално, забележливо е отсуство на етаблиран систем за развивање на потенцијалот за добро управување (good governance) во високото образование.

Честата појава на нелојална конкуренција во високото образование во јавниот и во приватниот сектор, високите стандарди кои ги диктира Болоњскиот процес и очекувањата на општеството

за придонесот на високото образование во надминување на кризата и креирање на развојот, ја наметнуваат потребата од сериозна мобилизација на раководните лица во високото образование заради справување со овие предизвици.

Резултатите од истражувањата упатуваат на следните препораки кон оваа категорија на учесници во високото образование.

1. Неопходно е раководните структури во високото образование без одлагање да создадат услови за целосно отворање на ВОУ кон студентите и целосно ставање на капацитетите со кои управуваат во функција на развојот на високото образование и ефикасноста во студирањето. Резултатите од истражувањето укажуваат на пролонгирано студирање, несоодветно димензиониран наставен процес и просечен квалитет.

2. Податоците од истражувањето покажаа, дека бројот на читални и на компјутери достапни за студентите (на факултетите опфатени во истражувањето) е минимален. Заради тоа, подобрувањето на инфраструктурата на ВОУ, за менаџментот треба да биде врвен приоритет. Тоа подразбира унапредување во информатичка, техничка и градежна смисла што е услов за квалитетно и достоинствено студирање во Република Македонија.

3. Универзитетскиот менаџмент треба да обезбеди перманентна дообука на сите учесници во високото образование согласно нивните потреби. Така, за академската администрација е неопходно да се обезбеди зајакнување на генералните компетенции (странски јазик, информатика, Болоњски процес), за академскиот кадар постојано методо-дидактичко усовршување, а за раководните луѓе обука во областа на проектниот менаџмент и развојот на човечките ресурси.

4. Раководните структури се најодговорни за обезбедување на слободен пристап до информации за студентите и пошироката јавност. Затоа, потребно е што побрзо да се развијат прецизни и јасни процедури за слободен пристап до информации на сите нивоа. Во поголем број случаи, при спроведувањето на истражувањето се покажа дека пристапот до информации во високото образование е на незадоволително ниво.

**5.** Истражувањето покажа дека на само на еден факултетите кои беа анализирани постои соодветна институционална поддршка за имплементација на ЕКТС. Заради тоа, управите треба да ја обезбедат таа поддршка преку создавање посебни тела за ЕКТС кои би се занимавале со квантификација, евиденција и трансфер на кредитите.

**6.** Со оглед на тоа што на ниту еден од факултетите опфатени со истражувањето не постои организациона единица за соработка со бизнис секторот, управите во високото образование треба да ја воспостават оваа соработка. Таа соработка би обезбедила учество во креирање на студиски програми преку идентификување на нивните потреби, обезбедување пристап на студентите во компаниите заради обука и евентуално вработување, учество на успешни стопанственици во реализација на наставата итн.

**7.** Менаџментот во ВОУ треба да претставува последна бариера пред опасноста од политизирање во високото образование. За таа цел е неопходно да се преземат активни мерки за спречување на секаков вид политички притисоци при финансирањето, вршењето на дејности или управувањето со ВОУ.

**8.** Потребно е раководствата на ВОУ да обезбедат услови за ефикасно и рамноправно вклучување на сите маргинализирани групи во високото образование. Резултатите од истражувањето покажаа дека освен физички пристап до академските институции, речиси ништо друго не е направено за студентите со посебни потреби, со цел нивното студирање да се направи подостоинствено. Во иднина многу повеќе напори треба да се вложат за да се обезбедат соодветни наставни помагала за оваа категорија студенти како и нивно целосно интегрирање во процесите на одлучување.

**9.** Имајќи ја предвид автономијата, преку спроведување на објективна надворешна евалуација и самоевалуација врз основа на стандардите на ENQA (European Network for Quality Assurance), академскиот менаџмент треба да обезбеди ефикасна контрола на квалитетот на наставниот процес. Неопходно е притоа да се опстои на доследно спроведување

на евентуални дисциплински постапки кои би произлегле од контролата на квалитетот и заштитата на студентските права. Овие податоци треба да бидат достапни за секого. Истражувањето покажа дека ниту еден од факултетите не ги прифатил стандардите на ENQA и дека надворешната евалуација и самоевалуацијата, како практика на факултетите, воопшто не се заживеани.

**10.** На меѓународен план, раководните тимови на ВОУ треба да обезбедат реализација на заеднички студиски програми со етаблирани ВОУ од странство преку т.н. joint или double degree, реализирајќи настава на различни јазици. Резултатите од истражувањата покажуваат дека вакви студии на нашите академски институции се вистинска реткост.

**11.** Неопходната транспарентност во работењето, раководните луѓе треба да ја обезбедат преку активни и богати web страници како неопходен и неисцрпен извор на информации за сè што се случува во академските институции. Подеднакво важно за менаџментот во ВОУ е да обезбеди и електронски бази на податоци за студирањето, дипломирањето, научната дејност, ЕКТС, вработувањето, како и нивно постојано ажурирање.

**12.** Резултатите од истражувањето покажуваат дека ВОУ во Македонија малку инвестираат во развојот на високообразовната инфраструктура. Во однос на транспарентноста поврзана со финансирањето, менаџментот е должен за студентите да обезбеди евиденција за средствата кои тие ги вложуваат во своето студирање.

**13.** Менаџментот треба да обезбеди и повластен пристап до учебниците и учебните помагала за студентите, особено за оние со неповолен социјален статус. Резултатите покажаа дека ваква практика на високообразовните институции во Македонија не заживеала.

# Кон државните органи

Во последниов период, преку активни мерки, државата неприродно го зголеми опфатот на ученици во високото образование - дури до 80%, кои се недостижни и за ЕУ. Исто така, во поголемите градови во Македонија отвори ВОУ и фаворизираше приватни универзитети, но не овозможи подигнување на техничкото ниво и на квалитетот на високото образование на државните универзитети.

Заради тоа, резултатите од истражувањето упатуваат на следните препораки кон државните органи кои се надлежни за високото образование:

1. Државата треба што побрзо да го дефинира системот на финансирање на високото образование кој треба да е праведен, транспарентен и реален, заснован на реални критериуми во сите циклуси на студирање.

2. Давајќи административна поддршка на телата за акредитација, евалуација и нострификација, државата треба да обезбеди непречен пристап до информациите поврзани со овие процеси во високото образование.

3. Министерството за образование и наука треба да обезбеди посериозна финансиска поддршка за државните високообразовни институции заради ефикасно спра-вување со нелојалната конкуренција. Во тој поглед, во државата треба да се заострат критериумите за акредитација како клучна причина за нелојалната конкуренција.

4. Преку инспекциските служби државата треба да обезбеди ефикасна контрола на спроведувањето на законите, мерилата и критериумите за вршење на високообразовна дејност и резултатите од тие контроли да бидат достапни за јавноста.

5. Државните органи треба да обезбедат перманентен пристап за спроведување на пракса за студентите од сите образовни профили во рамки на соодветните органи на управа.

Резултатите покажаа дека во текот на студирањето вратите на државните ин-ституции за студентите главно се затворени.

6. „Одливот на мозоци" е проблем со кој Република Македонија се соочува подолго време. Во прилог на тоа се и добиените резултати од истражувањето. По либерализацијата на визниот режим, државата треба да преземе активни мерки во поглед на вработување, дообука и социјална заштита за да го спречи одливот на високостручни кадри што би претставувало сериозен удар и врз високото образование.

7. Министерството за образование и наука треба да обезбеди праведно и објективно користење на сите социјални инструменти кои се однесуваат на студирањето, а кои досега беа нетранспарентно доделувани на корисниците.

## Кон бизнис секторот

Во услови кога човештвото е сериозно потресено од економската криза, а Македонија посттранзициски континуирано се соочува со проблемот на невработеноста и скромниот економски развој, бизнис секторот одамна чека сериозен придонес од академскиот сектор во надминувањето на овие проблеми.

Бизнис секторот досега, мора да се признае, од страна на ВОУ не бил третиран како сериозен партнер во креирањето на студиските програми и профилирањето на идните студенти. На него главно се гледаше како на некаков извор за ситни инвестиции во ВОУ или за финансирање на мали проектчиња. За жал, релацијата бизнис – академски сектор никогаш не била заснована на заемен интерес од обете страни.

Заради сето ова, препораките од ова истражување кон бизнис секторот би биле:

1. Бизнис заедницата директно да се вклучи во дизајнирањето на студиските и предметните програми заради обезбедување на соодветно профилирање на идните студенти. Ова учество треба да е транспарентно и трајно.

2. Бизнис секторот треба да се отвори кон студентите во поглед на обезбедување на услови за реализација на пракса, што ќе обезбеди нивно евентуално вработување. Податоците од истражувањето говорат за многу слаба соработка на тој план меѓу академскиот и бизнис секторот.

3. Како експерти кои го пренесуваат своето практично искуство, успешните бизнисмени треба активно да бидат вклучени во реализацијата на наставата.

4. Бизнисмените треба да обезбедат услови за ефикасен трансфер на знаење, технологии и иновации од академските институции и на тоа да го градат сопствениот развој.

5. За возврат, преку стипендирање и унапредување на високообразовната инфраструктура, бизнис заедницата треба да обезбеди финансиска поддршка.

# Додаток

## Клуч за бран I

| Бр. | Прашање |
|---|---|
| 1 | Листа на претставниците на студентите на Студентскиот Парламент на Филозофски факултет - Скопје |
| 2 | Кои од условите за студирање на лица со посебни потреби се исполнети на  вашиот факултет? |
| 3 | Според кои критериуми се избираат членовите на дисциплинската комисија на вашиот факултет? |
| 4 | Листа на студентски организации на филозофскиот факултет- Скопје? |
| 5 | Правен акт со кој се уредува имплементацијата на Ектс на вашиот факултет? |
| 6 | Листа на книги , број на примероци од  библиотека на Филозофски факултет - Скопје? |
| 7 | Листа на книги, број на примероци на книги набавени во 2007/2008 година за потребите на вашиот факултет? |
| 8 | На кои од предметите на вашиот факултет постои опција за полагање преку колоквиуми ? |
| 9 | Листа од книги од странска стручна литература во библиотеката на вашиот факултет? |
| 10 | Листа од книги од странска стручна литература набавени за  потребите на библиотеката на факултетот во тековнава година? |
| 11 | Кои се клиничките програми на вашиот факултет и колку кредити носат истите? |
| 12 | Дали има ЕКТС канцеларија на вашиот факултет, колку вработени има истата и кое е нејзиното работно време? |
| 13 | Дали е задолжителна давачката која ја плаќаат студентите за Студентскиот Парламент на филозофскиот факултет- Скопје? |
| 14 | Дали на факултетот има отворено канцеларија за  соработка на факултетот со стопанството? |
| 15 | Листа на студенти од додипломски студии кои се пратени на пракса  од факултетот во некоја државна институција? |
| 16 | Листа на студенти од пост-дипломски студии кои се пратени на пракса од факултетот во некоја државна институција? |

| | |
|---|---|
| 17 | Кога е организирана последната зимска и летна школа од страна на факултетот за студентите, и колку студенти биле на истата? |
| 18 | Листа на професори од странство, кои држеле предавања на филозофскиот факултет во 2007/2008? |
| 19 | Листа на компании, кои побарале студенти-редовни или вонредни за практична работа во нивното претпријатие? |
| 20 | Колку факултетот инвеститал во научно истражувачка дејност во годината 2007/2008? |
| 21 | Колку факултетот инвестирал во обнова на инвентарот во годината 2007/2008? |
| 22 | Листа на помлади асистенти, асистенти и демонстратори кои биле пратени од страна на факултетот за стручна надградба? |
| 23 | Колку изнесуваат трошоците на факултетот во оддржување на официјалната интернет страна ? |
| 24 | Дали на вашиот факултет наставата се изведува на некој светски јазик? |
| 25 | Копија од наставната програма и  листа на задолжителна литература по сите предмети за 2007/2008? |
| 26 | Колку читални има  на вашиот факултет, и колку од нив работат 24 часа? |
| 27 | Која е бројката на компјутери во вашиот компјутерски центар, и во кој дел од денот се достапни за студентите? |
| 28 | Листа на курсеви кои ги држи факултетот или се во склоп на факултетот за стручно надоградување на студентите? |
| 29 | Листа на  капитални инвестиции на факултетот во минатите 5 години? |
| 30 | Колку дипломи се нострифицирани од страна на факултетот во учебната 2007/2008? |
| 31 | Листа на меѓународни проекти кои ги добил факултетот, и дали учествувале студенти во имплементацијата? |
| 32 | Кога вашата институција последен пат има организирано научен собир, симпозиум, семинар, советувања и други видови на собири? |
| 33 | На колку меѓународни и домашни семинари/работилници, поврзани со ЕКТС, вашиот кадар учествувал годинава? |
| 34 | Колку во просек изнесува бројот на студенти во една студиска група на додипломски, а колку на постдипломски студии? |
| 35 | За кој предмет на вашиот факултет е испочитуван условот за најмалку 30 % европски и компаративни содржини во наставната програма и листа од наведените содржини? |
| 36 | Листа на факултети со кои факултет соработувал во 2007/2008 година? |
| 37 | Листа на редовни, вонредни и казнени  сесии во годината 2007/2008 ? |
| 38 | Листа на професори од вашиот факултет кои предавале на некој од факултетите надвор од Р.М? |

## Табела за бран I

| Филозофски факултет | | Архитектонски факултет | | Економски факултет | |
|---|---|---|---|---|---|
| датум на испракање | датум на примање | датум на испракање | датум на примање | датум на испракање | датум на примање |
| 5/26/2009 | 6/15/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 6/25/2009 |
| 5/26/2009 | 6/15/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 6/25/2009 |
| 5/26/2009 | 6/3/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 5/26/2009 | нема одговор | 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 25/06/2009 |
| 5/26/2009 | 6/4/2009 | 5/26/2009 | нема одговор | 5/26/2009 | 6/25/2009 |
| 5/26/2009 | 16/06/09 | 5/26/2009 | нема одговор | 5/26/2009 | 25/06/2009 |
| 5/26/2009 | 16/06/09 | 5/26/2009 | нема одговор | 5/26/2009 | 25/06/2009 |
| 5/26/2009 | 04/06/09 | 5/26/2009 | нема одговор | 5/26/2009 | 25/06/2009 |
| 5/26/2009 | 03/06/09 | 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 25/06/2009 |
| 5/26/2009 | 03/06/09 | 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 25/06/2009 |
| 5/26/2009 | 03/06/09 | 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 25/06/2009 |
| 5/26/2009 | 02/06/09 | 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 25/06/2009 |
| 5/26/2009 | 02/06/09 | 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 5/26/2009 | 04/06/09 | 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 6/25/2009 |
| 5/26/2009 | 04/06/09 | 5/26/2009 | нема одговор | 5/26/2009 | нема одговор |
| 5/26/2009 | 04/06/09 | 5/26/2009 | нема одговор | 5/26/2009 | нема одговор |
| 5/26/2009 | 09/06/09 | 5/26/2009 | нема одговор | 5/26/2009 | нема одговор |
| 5/26/2009 | 09/06/09 | 5/26/2009 | нема одговор | 5/26/2009 | нема одговор |
| 5/26/2009 | 04/06/09 | 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 5/26/2009 | 12/06/09 | 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 5/26/2009 | 04/06/09 | 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 5/26/2009 | 6/12/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5/26/2009 | 12/06/09 | 6/8/2009 | нема одговор | 5/26/2009 | 6/26/2009 |
| 5/26/2009 | нема одговор | 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 6/25/2009 |
| 5/26/2009 | 6/3/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 5/26/2009 | 6/3/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 5/26/2009 | 6/2/2009 | 5/26/2009 | 6/26/2009 | 5/26/2009 | 6/25/2009 |
| 5/26/2009 | 6/9/2009 | 5/26/2009 | 6/26/2009 | 5/26/2009 | 6/25/2009 |
| 5/26/2009 | 6/2/2009 | 5/26/2009 | 6/26/2009 | 5/26/2009 | 6/25/2009 |
| 5/26/2009 | 6/9/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 6/25/2009 |
| 5/26/2009 | 6/4/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 5/26/2009 | 6/12/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 6/16/2009 | 6/4/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 5/26/2009 | 6/12/2009 | 6/8/2009 | нема одговор | 5/26/2009 | 6/26/2009 |
| 5/26/2009 | 6/9/2009 | 5/26/2009 | 6/26/2009 | 5/26/2009 | 6/25/2009 |
| 5/26/2009 | 6/4/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 6/25/2009 |
| 5/26/2009 | 6/4/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 6/25/2009 |
| 5/26/2009 | 6/9/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |

| Правен факултет | | ФЕИТ | | Филолошки факултет | |
|---|---|---|---|---|---|
| датум на испраќање | датум на примање | датум на испраќање | датум на примање | датум на испраќање | датум на примање |
| 5/26/2009 | нема одговор | 5/26/2009 | 6/10/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 5/26/2009 | нема одговор | 5/26/2009 | 6/10/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 6/10/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 5/26/2009 | нема одговор | 5/26/2009 | 6/10/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 6/18/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 6/18/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 6/18/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 6/18/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 6/12/2006 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 6/12/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 6/12/2012 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 6/12/2015 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 6/10/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 5/26/2009 | 6/18/2009 | 5/26/2009 | 6/9/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 5/26/2009 | 6/18/2009 | 6/2/2009 | 6/9/2009 | 5/26/2009 | нема одговор |
| 5/26/2009 | 6/18/2009 | 6/2/2009 | 6/9/2009 | 5/26/2009 | нема одговор |
| 5/26/2009 | 6/18/2009 | 6/2/2009 | 6/9/2009 | 5/26/2009 | нема одговор |
| 5/26/2009 | 6/18/2009 | 6/2/2009 | 6/9/2009 | 5/26/2009 | нема одговор |
| 6/8/2009 | 6/18/2009 | 5/26/2009 | 6/9/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 6/8/2009 | 6/18/2009 | 5/26/2009 | 6/9/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 6/8/2009 | 6/18/2009 | 5/26/2009 | 6/10/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 6/8/2009 | 6/18/2009 | 5/26/2009 | 6/10/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 6/8/2009 | 6/18/2009 | 6/8/2009 | 6/9/2009 | | |
| 5/26/2009 | нема одговор | 5/26/2009 | 6/10/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 6/10/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 6/10/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 6/10/2009 | 5/26/2009 | нема одговор |
| 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 6/10/2009 | 5/26/2009 | нема одговор |
| 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 6/10/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 5/26/2009 | 6/18/2009 | 5/26/2009 | 6/9/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 5/26/2009 | 6/18/2009 | 5/26/2009 | 6/9/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 6/8/2009 | 6/18/2009 | 5/26/2009 | 6/10/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 6/8/2009 | нема одговор | 5/26/2009 | 6/10/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 6/8/2009 | 6/18/2009 | 5/26/2009 | 6/9/2009 | | нема одговор |
| 5/26/2009 | 6/30/2009 | 5/26/2009 | 6/10/2009 | 5/26/2009 | нема одговор |
| 5/26/2009 | 6/18/2009 | 5/26/2009 | 6/9/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 5/26/2009 | 6/18/2009 | 5/26/2009 | 6/9/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |
| 5/26/2009 | 6/18/2009 | 5/26/2009 | 6/9/2009 | 5/26/2009 | 6/30/2009 |

## Клуч за бран II

| Бр. | Прашање |
|---|---|
| 1 | Копија од Записник на седницата на која Студентскиот Парламент на вашиот факултет дискутирал за Европскиот Кредит Трансфер Систем ? |
| 2 | Колку дисциплински постапки се поведени против професори од вашиот факултет, за неправилно спроведување на Европскиот Кредит Трансфер Систем, и кои мерки се изречени од страна на факултетот во таквите постапки? |
| 3 | Копија од приговори/жалби кои се поднесени од студенти врз основа на грешки во компјутерскиот систем (невнесени бодови, неможност за полагање, проблеми со досието) од почетокот на имплементацијата на Ектс до денеска? |
| 4 | Со кој правен акт е уредена практичната настава во наставниот курикулум, и колкав дел од фондот на часови се одвоени за практична настава? |
| 5 | Копија од годишен извештај од годината 2008 на дисциплинската комисија на вашиот факултет – поведени и реализирани дисциплински постапки на вашиот факултет ? |
| 6 | Во кој рок се издава уверението за завршени студии откога ќе се положи последниот испит/ дипломска работа? |
| 7 | Колку пријави се изгубени по студент од дипломираните студенти на вашиот факултет во 2008/2009 година ? |
| 8 | Кој и кога ја вршеше последната надворешна евалуација на вашиот факултет ? |
| 9 | Кои се прифатени постапки, стандарди и насоки кои се применуваат од Европската Асоцијација за Евалуација во Високото образование (ENQA) на вашиот факултет? |
| 10 | Копија од извештајот за самоевалуација на вашиот факултет во годината 2008/2009? |
| 11 | Дали на вашиот факултет постои електронска библиотека, и дали соработувате со други електронски библиотеки? |
| 12 | Врз основа на кои акти е извршена пресметката на кредити и оптоварување на студентите на вашиот факултет? |
| 13 | Дали студентите можат да купат учебници и учебни помагала, по повластени цени од факултетот – и листа на таквите изданија? |
| 14 | Колку и кои студенти на каков било начин (хонорарно или со договор за вработување, на определено или неопределно време) се вработени од страна на факултетот и на кои работни места? |

| | |
|---|---|
| 15 | Список на наставен кадар на вашиот факултет сортирани по катедри ? |
| 16 | На кој начин канцеларијата за ЕКТС ги информира студентите за начинот на функционирање на ЕКТС |
| 17 | Во просек по колку години студираат студентите на вашиот факултет одкога започнала имплементацијата на Ект системот ? |
| 18 | Колку студенти биле запишани во учебната 2006/2007 година на вашиот факултет, и колку од нив дипломирале до Септември 2009 година? |
| 19 | Со која просечна оценка студентите ги завршуваат нивните студии на вашиот факултет откога е имплементиран ЕКТсистемот? |
| 20 | Кој е бројот на групи на вашиот факултет во една студиска година, колкав е бројот на студенти во една група, а кој е бројот на студенти кои посетуваат настава во една смена? |
| 21 | Колку од дисциплинските постапки на вашиот факултет се поведени, односно иницирани од страна на студенти? |
| 22 | Колку меѓународни размени на студенти се извршени од почетокот на имплементацијата на ЕКТС системот на вашиот факултет и на кои Универзитети се испратени истите ? |
| 23 | Колку и кои студенти од вашиот факултет ги искористиле програмите на Европската Унија (Erasmus-Mundus, Basilius ) од кога е започната имплементацијата на ЕКТС системот? |
| 24 | Колку и кои студенти од вашиот факултет ќе ги искористат во идниот семестар програмите на Европската Унија (Erasmus-Mundus, Basilius ) ? |
| 25 | Кои активности, програми и проекти вашиот факултет ги превзема во врска со одливот на умови од факултетот? |
| 26 | Колку странски државјани студираат на вашиот факултет и под кои услови (редовни, вонредни, висина на партиципација) ја следат наставата? |
| 27 | Колку и кои вработени на вашиот факултет кои имаат докторирано на факултет од странство? |
| 28 | Дали на вашиот факултет постои програма за "joint degree " и колку студенти годишно ја добиваат дипломата откога е имплементиран ЕКТС системот? |
| 29 | Колку средства се добиени како странски, а колку како домашни донации кон вашиот факултет, од кои донатори и за кои потреби се искористени, во учебната година 2008/2009? |
| 30 | Колкави се средствата за финансирање на вашиот факултет кои се обезбедуваат од буџетот на Р.М и од други извори определени со закон за годината 2008/2009? |
| 31 | Колкави се процентуално средствата од вкупниот буџет на факултетот кои се добиени од домашни и од меѓународни проекти за 2008/2009 година ? |

## Табела за бран II

| Филозофски факултет | | Архитектонски факултет | | Економски факултет | |
|---|---|---|---|---|---|
| датум на испракање | датум на примање | датум на испракање | датум на примање | датум на испракање | датум на примање |
| 9/14/2009 | 10/8/2009 | 9/14/2009 | 10/17/2009 | 9/14/2009 | 10/16/2009 |
| 9/14/2009 | 05/10/09 | 9/14/2009 | 10/17/2009 | 9/14/2009 | 10/16/2009 |
| 9/14/2009 | 05/10/09 | 9/14/2009 | 10/17/2009 | 9/14/2009 | 10/16/2009 |
| 9/14/2009 | 10/8/2009 | 9/14/2009 | 10/17/2009 | 9/14/2009 | 10/16/2009 |
| 9/14/2009 | 10/8/2009 | 9/14/2009 | 10/17/2009 | 9/14/2009 | 10/16/2009 |
| 9/14/2009 | 10/8/2009 | 9/14/2009 | нема одоговор/ жалба | 9/14/2009 | 10/16/2009 |
| 9/14/2009 | 10/8/2009 | 9/14/2009 | нема одоговор/ жалба | 9/14/2009 | 10/16/2009 |
| 9/14/2009 | 10/8/2009 | 9/14/2009 | нема одоговор/ жалба | 9/14/2009 | 10/16/2009 |
| 9/14/2009 | 10/8/2009 | 9/14/2009 | нема одоговор/ жалба | 9/14/2009 | 10/16/2009 |
| 9/14/2009 | 9/29/2009 | 9/14/2009 | 10/17/2009 | 9/14/2009 | 10/16/2009 |
| 9/14/2009 | 9/29/2009 | 9/14/2009 | 10/17/2009 | 9/14/2009 | нема одговор |
| 9/14/2009 | нема одговор | 9/14/2009 | 10/17/2009 | 9/14/2009 | 10/16/2009 |
| 9/14/2009 | 10/6/2009 | 9/14/2009 | 10/17/2009 | 9/14/2009 | 10/16/2009 |
| 9/14/2009 | 10/6/2009 | 9/14/2009 | 10/17/2009 | 9/14/2009 | 10/16/2009 |
| 9/14/2009 | 10/6/2009 | 9/14/2009 | 10/17/2009 | 9/14/2009 | 10/16/2009 |
| 9/14/2009 | 10/6/2009 | 9/14/2009 | 10/17/2009 | 9/14/2009 | 10/16/2009 |
| 9/14/2009 | 10/5/2009 | 9/14/2009 | 10/17/2009 | 9/14/2009 | 10/16/2009 |
| 9/14/2009 | 10/5/2009 | 9/14/2009 | 10/17/2009 | 9/14/2009 | 10/16/2009 |
| 9/14/2009 | 10/5/2009 | 9/14/2009 | 10/17/2009 | 9/14/2009 | 10/16/2009 |
| 9/14/2009 | 10/5/2009 | 9/14/2009 | 10/17/2009 | 9/14/2009 | 10/16/2009 |
| 9/14/2009 | 10/5/2009 | 9/14/2009 | 10/17/2009 | 9/14/2009 | 10/16/2009 |
| 9/14/2009 | 10/5/2009 | 9/14/2009 | 10/17/2009 | 9/14/2009 | 10/16/2009 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 9/14/2009 | 10/5/2009 | 9/14/2009 | 10/17/2009 | 9/14/2009 | 10/16/2009 |
| 9/14/2009 | 10/5/2009 | 9/14/2009 | 10/17/2009 | 9/14/2009 | 10/16/2009 |
| 9/14/2009 | 10/8/2009 | 9/14/2009 | 10/17/2009 | 9/14/2009 | 10/16/2009 |
| 9/14/2009 | 10/8/2009 | 9/14/2009 | нема одоговор/ жалба | 9/14/2009 | 10/16/2009 |
| 9/14/2009 | 10/6/2009 | 9/14/2009 | 10/17/2009 | 9/14/2009 | 10/16/2009 |
| 9/14/2009 | 10/5/2009 | 9/14/2009 | 10/17/2009 | 9/14/2009 | 10/16/2009 |
| 9/14/2009 | 10/8/2009 | 9/14/2009 | 10/17/2009 | 9/14/2009 | 10/16/2009 |
| 9/14/2009 | нема одговор | 9/14/2009 | 10/17/2009 | 9/14/2009 | нема одговор |
| 9/14/2009 | нема одговор | 9/14/2009 | 10/17/2009 | 9/14/2009 | нема одговор |

| Правен факултет | | ФЕИТ | | Филолошки факултет | |
|---|---|---|---|---|---|
| **датум на испракање** | **датум на примање** | **датум на испракање** | **датум на примање** | **датум на испракање** | **датум на примање** |
| 9/14/2009 | 9/26/2009 | 9/14/2009 | 10/25/2009 | 9/14/2009 | 10/14/2009 |
| 9/14/2009 | 9/26/2009 | 9/14/2009 | 10/25/2009 | 9/14/2009 | 11/4/2009 |
| 9/14/2009 | 9/26/2009 | 9/14/2009 | 10/25/2009 | 9/14/2009 | 11/4/2009 |
| 9/14/2009 | 9/26/2009 | 9/14/2009 | 10/25/2009 | 9/14/2009 | 10/14/2009 |
| 9/14/2009 | 9/26/2009 | 9/14/2009 | 10/25/2009 | 9/14/2009 | 10/14/2009 |
| 9/14/2009 | 9/26/2009 | 9/14/2009 | 10/17/2009 | 9/14/2009 | |
| 9/14/2009 | 9/26/2009 | 9/14/2009 | 10/17/2009 | 9/14/2009 | |
| 9/14/2009 | 9/26/2009 | 9/14/2009 | 10/17/2009 | 9/14/2009 | |
| 9/14/2009 | 9/26/2009 | 9/14/2009 | 10/17/2009 | 9/14/2009 | |
| 9/14/2009 | 9/26/2009 | 9/14/2009 | 10/17/2009 | 9/14/2009 | |
| 9/14/2009 | 9/26/2009 | 9/14/2009 | 10/8/2009 | 9/14/2009 | |
| 9/14/2009 | 9/26/2009 | 9/14/2009 | 10/8/2009 | 9/14/2009 | |
| 9/14/2009 | 9/26/2009 | 9/14/2009 | 10/6/2009 | 9/14/2009 | 10/19/2009 |
| 9/14/2009 | 9/26/2009 | 9/14/2009 | 10/6/2009 | 9/14/2009 | 10/19/2009 |
| 9/14/2009 | 9/26/2009 | 9/14/2009 | 10/6/2009 | 9/14/2009 | 10/19/2009 |
| 9/14/2009 | 9/26/2009 | 9/14/2009 | 10/6/2009 | 9/14/2009 | 10/19/2009 |
| 9/14/2009 | 9/26/2009 | 9/14/2009 | 10/6/2009 | 9/14/2009 | 10/19/2009 |
| 9/14/2009 | 9/26/2009 | 9/14/2009 | 10/6/2009 | 9/14/2009 | 10/19/2009 |
| 9/14/2009 | 9/26/2009 | 9/14/2009 | 10/6/2009 | 9/14/2009 | 10/19/2009 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 9/14/2009 | 9/26/2009 | 9/14/2009 | 10/6/2009 | 9/14/2009 | 10/19/2009 |
| 9/14/2009 | 9/26/2009 | 9/14/2009 | 10/6/2009 | 9/14/2009 | 10/19/2009 |
| 9/14/2009 | 9/26/2009 | 9/14/2009 | 10/6/2009 | 9/14/2009 | 11/4/2009 |
| 9/14/2009 | 9/26/2009 | 9/14/2009 | 10/6/2009 | 9/14/2009 | 11/4/2009 |
| 9/14/2009 | 9/26/2009 | 9/14/2009 | 10/6/2009 | 9/14/2009 | 11/4/2009 |
| 9/14/2009 | 9/26/2009 | 9/14/2009 | 9/25/2009 | 9/14/2009 | 10/14/2009 |
| 9/14/2009 | 9/26/2009 | 9/14/2009 | 10/17/2009 | 9/14/2009 | |
| 9/14/2009 | 9/26/2009 | 9/14/2009 | 10/6/2009 | 9/14/2009 | 10/19/2009 |
| 9/14/2009 | 9/26/2009 | 9/14/2009 | 10/6/2009 | 9/14/2009 | 10/19/2009 |
| 9/14/2009 | 9/26/2009 | 9/14/2009 | 9/25/2009 | 9/14/2009 | 10/14/2009 |
| 9/14/2009 | 9/26/2009 | 9/14/2009 | 10/8/2009 | 9/14/2009 | |
| 9/14/2009 | 9/26/2009 | 9/14/2009 | 10/8/2009 | 9/14/2009 | |

МЛАДИНСКИ
ОБРАЗОВЕН
ФОРУМ
YOUTH
EDUCATIONAL
FORUM

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА